К-3-2025

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - трет квартал 2025 година -

## Резиме


- **Економската активност** во третиот квартал од 2025 година забрза, забележувајќи реален раст од 3,8% на годишна основа по растот од 2,9% во првиот и 3,5% во вториот квартал, со што економскиот раст во првите три квартали од 2025 година изнесува 3,4%. Позитивните движења на економската активност продолжија и покрај неизвесностите предизвикани од надворешни фактори;
- **Бројот на вработени** во К-3-2025 е повисок за 1,0% во однос на истиот квартал од 2024 година. **Бројот на невработени** во К-3-2025 се намали за 6,7%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 11,5%;
- Просечната **нето-плата** во К-3-2025 изнесува 45.351 денар и бележи раст од 10,0% на номинална основа, односно 5,4% на реална основа споредено со нето-платата во К-3-2024;
- Во К-3-2025, вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 11,3%, а вкупните буџетски расходи за 13,3% споредено со истиот квартал од 2024 година;
- **Стапката на инфлација** во К-3-2025 изнесува 4,4% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-3-2025 се зголеми за 2,3% на квартална основа;
- Во К-3-2025 е забележан раст на **извозот на стоки** за 0,2%, додека **увозот на стоки** забележа раст од 5,9% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 3,5%.

# Содржина:

1. Економска активност ..... 3
2. Пазар на работна сила ..... 7
3. Јавни финансии ..... 8
 3.1. Буџетски приходи според економската класификација ..... 8
 3.2. Буџетски расходи според економската класификација ..... 9
 3.3. Расходи по буџетски корисници ..... 10
 3.4. Буџетски дефицит и државен долг ..... 12
4. Инфлација и монетарни движења ..... 12
5. Надворешен сектор ..... 15
 5.1. Надворешнотрговска размена ..... 15
 5.2. Платен биланс ..... 18

# 1. Економска активност

Во третиот квартал од 2025 година, **економската активност** дополнително забрза, при што беше остварен реален раст од 3,8% на годишна основа, со што продолжи позитивниот тренд од претходните квартали. Во споредба со претходниот квартал, сезонски и календарски БДП оствари раст од 0,8%.

Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст произлегува од позитивните остварувања во сите сектори, при што најголем придонес имаа услужниот сектор и градежништвото, како клучни двигатели на економската активност.

Растот во **услужниот сектор** е на широка основа и изнесува 2,9%, при што најголем придонес имаа дејностите Трговија, транспорт и угостителство (2,6%) и Информации и комуникации (7,4%). Позитивни остварувања се забележани и во дејностите: Стручни, научни и технички дејности (6,1%), Дејности во врска со недвижен имот (2,0%), Јавна управа, одбрана, образование и здравство (1,3%) и Финансиски и дејности на осигурување (0,2%). Единствено, дејноста Уметност, забава и рекреација забележа пад од 1,6%.

**Градежништвото** забележа силен раст од 21,0%, пред сè како резултат на зголемената активност во сегментот нискоградба, која порасна за значителни 58,5%, што укажува на интензивирање на инвестициите и забрзан напредок на инфраструктурните проекти, особено на коридорите 8 и 10д.

**Индустрискиот сектор** забележа раст од 1,3%, пред сè поради зголеменото производство во преработувачката индустрија, која оствари раст од 2,5%. Согласно високофреквентните податоци, значителен придонес кон растот на преработувачката индустрија во К-3-2025 имаа следните гранки: Производство на производи од гума и пластични маси (раст 92,9%, придонес 2,8 п.п.), Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст 11,9%, придонес 2,0 п.п.) и Производство на тутунски производи (раст 104,4%, придонес 1,0 п.п.). Секторите Рударство и вадење камен, како и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, забележаа пад од 1,7% и 12,3%, соодветно.

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Земјоделството** оствари раст од 4%, со забрзана динамика во однос на претходниот период, продолжувајќи го позитивниот тренд започнат во втората половина од 2024 година.

Табела 1.1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К1-К3 2025 | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К1-К3 2025 |
| Бруто-домашен производ | 2,9 | 3,5 | 3,8 | 3,4 | | | | |
| Земјоделство | 1,0 | 1,8 | 4,0 | 2,5 | 0,1 | 0,1 | 0,3 | 0,2 |
| Индустрија | 2,4 | 3,8 | 1,3 | 2,5 | 0,4 | 0,6 | 0,2 | 0,4 |
| Преработувачка индустрија | 4,1 | 4,3 | 2,5 | 3,6 | 0,6 | 0,6 | 0,4 | 0,5 |
| Градежништво | 7,2 | 7,2 | 21,0 | 13,0 | 0,3 | 0,4 | 1,3 | 0,7 |
| Услужен сектор | 2,6 | 2,9 | 2,9 | 2,8 | 1,6 | 1,7 | 1,6 | 1,6 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 3,2 | 6,0 | 2,6 | 4,0 | 0,6 | 1,1 | 0,5 | 0,7 |
| Информации и комуникации | 4,5 | 3,6 | 7,4 | 5,2 | 0,2 | 0,2 | 0,4 | 0,3 |
| Финансиски и дејности за осигурување | -2,0 | 1,3 | 0,2 | -0,1 | -0,1 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1,4 | 1,9 | 2,0 | 1,8 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 7,2 | 3,6 | 6,1 | 5,6 | 0,4 | 0,2 | 0,3 | 0,3 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | 0,7 | 0,3 | 1,3 | 0,7 | 0,1 | 0,0 | 0,2 | 0,1 |
| Уметност, забава и рекреација | 2,8 | -4,2 | -1,6 | -1,0 | 0,1 | -0,1 | 0,0 | 0,0 |
| Нето-даноци на производи | 2,9 | 4,1 | 4,5 | 3,8 | 0,3 | 0,6 | 0,6 | 0,5 |
| *Резидуал* | | | | | 0,1 | 0,1 | -0,2 | 0,0 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2025) и пресметки на МФ

Растот на економската активност во третиот квартал од 2025 година, според расходната страна на БДП, се должи пред сѐ на позитивниот придонес на домашната побарувачка, поттикната од зголемените бруто-инвестиции и умерениот раст на финалната потрошувачка.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Бруто-инвестициите** остварија значителен раст од 30,6%, пред сѐ поради силниот раст на инвестициите во основни средства. Високиот раст на инвестициите произлегува од засилената активност на домашниот приватен сектор, поттикната од високото ниво на искористеност на поволните кредитни линии обезбедени од Владата. Дополнително, забрзаната

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност *(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

имплементација на стратешките инфраструктурни проекти, особено Коридорите 8 и 10д, како и засилената поддршка од општините за реализација на капитални инвестиции,

придонесуваат кон интензивирање на инвестицискиот циклус и обезбедување порамномерен регионален економски развој.

**Финалната потрошувачка** регистрираше раст од 1,8%, при што **личната потрошувачка** забележа умерен раст од 0,9%, и покрај зголемувањето на расположливиот доход, особено платите и пензиите, како и забрзаниот кредитен раст на домаќинствата. **Јавната потрошувачка** се зголеми за 5,7%.

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст на реална основа од 3,4%, а најголем придонес кон растот на извозот имаа машините и транспортните уреди (7,9%), храната (5,1%) и пијалоците и тутунот (4,5%). **Увозот на стоки и услуги** се зголеми за 9,9% на реална основа, поддржан од увозот на интермедијарни производи, капитални добра и производи за широка потрошувачка. Нето-извозот имаше негативен придонес кон растот на економската активност, како резултат на побрзиот раст на увозот во споредба со извозот.

Табела 1.2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К1-К3 2025 | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К1-К3 2025 |
| Бруто-домашен производ | 2,9 | 3,5 | 3,8 | 3,4 | | | | |
| Финална потрошувачка | 3,2 | 3,2 | 1,8 | 2,7 | 2,7 | 2,7 | 1,5 | 2,3 |
| Приватна | 2,6 | 3,1 | 0,9 | 2,1 | 1,8 | 2,1 | 0,6 | 1,5 |
| Јавна | 5,7 | 3,5 | 5,7 | 5,0 | 0,9 | 0,6 | 0,8 | 0,8 |
| Бруто-инвестиции | 9,2 | 5,4 | 30,6 | 14,0 | 2,8 | 1,6 | 7,6 | 3,9 |
| Извоз на стоки и услуги | 2,8 | 8,5 | 3,4 | 4,9 | 1,9 | 5,4 | 2,1 | 3,2 |
| Увоз на стоки и услуги | 5,7 | 8,1 | 9,9 | 7,9 | 4,7 | 6,3 | 6,9 | 6,0 |
| Нето-извоз | | | | | -2,8 | -0,8 | -4,8 | -2,9 |
| *Резидуал* | | | | | 0,2 | 0,1 | -0,5 | 0,1 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-2-2025) и пресметки на МФ

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП за К3 2025 во ЕУ и регионот, во %




Извор: Евростат и национални заводи за статистика
*Расположливите податоци за Западен Балкан (6) се однесуваат на земјите: Србија, Црна Гора, С. Македонија, БиХ, Албанија и Косово

# 2. Пазар на работна сила

## Вработеност

Според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица во** К-3-2025 е зголемен за 1,0%, односно за 6,8 илјади лица во однос на истиот квартал од 2024 година. Најголем раст на вработеноста се забележува во секторот Земјоделство (11,1 илјада лица или 17,6%), а значителен раст забележаа и секторите Трговија (9,9 илјади лица или 9,9%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (6,6 илјади лица или 23,8%). Од друга страна, пак, значителен пад на вработеноста забележа Преработувачката индустрија (9,8% или 14,0 илјади лица).

Од вкупниот број вработени, 545.618 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (77,4% од вкупно вработените), додека 159.547 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (22,6% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-3-2025 изнесува 46,5% и во однос на истиот квартал од 2024 година е зголемена за 0,4 п.п..

## Невработеност

**Бројот на невработени** е намален за 6,6 илјади лица, односно за 6,7% во однос на истиот квартал од 2024 година.

**Стапката на невработеност** во К-3-2025 изнесува 11,5%, односно е за 0,8 п.п. пониска во споредба со истиот квартал од 2024 година, а во однос на претходниот квартал таа е непроменета (Графикон 2.1).




Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 11,7%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 24,7%. Во однос на К-3-2024 година, стапката во категоријата 15 – 64 е намалена за 0,8 п.п., додека стапката во категоријата 15 – 29 е зголемена за 1,1 п.п.. Според половата структура, стапката на невработеност кај женското население е намалена за 0,4 п.п. и изнесува 10,4%, што е за 1,9 п.п. помалку од невработеноста кај мажите, којашто е намалена за 1,1 п.п. и изнесува 12,3%.

## Активно население

Бројот на **активно население** е речиси непроменет на годишна основа. Активното население во К-3-2025 сочинува 52,5% од вкупното работоспособно население, што претставува намалување за 0,1 п.п. во споредба со истиот квартал од 2024 година.

## Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-3-2025 изнесува 45.351 денар и е повисока за 10,0% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2024 година, а на реална основа е зголемена за 5,4% (Графикон 2.2).

Највисока нето-плата во К-3-2025 е исплатена во секторот Информации и комуникации (82.566 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 62.076 денари, Рударство и вадење камен со 56.746 денари и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 55.365 денари.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*



Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-3-2025 изнесува 68.225 денари, што претставува раст од 10,1% на номинална основа и 5,4% на реална основа.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-3-2025 учествуваат со 32,0% во кварталниот БДП и се повисоки за 11,3% споредено со третиот квартал од 2024 година, а притоа даноците бележат раст за 10,1%, придонесите за 8,8%, а неданочните приходи за 4,1%. Кај даночните приходи повисока наплата е забележана кај сите приходи, и тоа по основ на данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и другите даночни приходи.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К3
*(% од номинален квартален БДП)*



Извор: Министерство за финансии

Наплатата на индиректните даноци во К-3-2025 во споредба со К-3-2024 е зголемена за 8,7%, а на директните даноци за 14,1%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци изнесува 4,7% во К-3-2025 и бележи зголемување за 0,1 п.п. во однос на учеството во кварталниот БДП во К-3-2024 кога изнесуваше 4,6%. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-3-2025 изнесува 13,7% и е пониско за 0,1 п.п. во однос на К-3-2024

кога изнесуваше 13,8%.

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ, кои претставуваат 48,8% од вкупните даночни приходи во К-3-2025 и бележат раст од 7,1% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 11,2%, а приходите од царински давачки за 13,3%.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К3 2025 (во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 10,2%, а приходите од данокот на добивка за 21,8% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 8,8%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и за вработување за 8,8%, и кај придонесите за здравствено осигурување за 8,7%.

Во К-3-2025, **неданочните приходи**, кои претставуваат 1,4% од кварталниот БДП, беа реализирани за 4,1% повеќе во однос на истиот квартал од 2024 година.

Во К-3-2025, **капиталните приходи** во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди беа повисоки за 37,2% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се повисоки за 232,3% во споредба со истиот квартал од 2024 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-3-2025, со учество од 33,0% во кварталниот БДП, се повисоки за 13,3% споредено со истиот квартал од 2024 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 30,2% од кварталниот БДП, учествуваат со 91,4% во вкупните расходи и тие беа реализирани за 9,7% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за плати и надоместоци забележаа зголемување за 10,6%, а расходите за стоки и услуги се зголемени за 8,3% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 67,6% во вкупните расходи, беа реализирани за 10,1% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 13,7% и учествуваа со 53,1% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 19,0% и забележаа учество од 33,7% во вкупните расходи.




Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 14,1% во вкупните расходи и забележа намалување за 0,7% во однос на третиот квартал од 2024 година. Споредено со К-3-2024, блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување за 12,6%, а субвенциите и трансферите се намалени за 22,0%.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 1,6% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 15,1%, а каматните расходи по надворешен долг намалување за 14,5%.

**Реализацијата на капиталните расходи** во К-3-2025 претставува 2,8% од кварталниот БДП, а нивното учество во вкупните расходи изнесува 8,6%.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во К-3-2025 година, **Министерството за социјална политика, демографија и млади** реализира 18.848 милиони денари или 25,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,3%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 13.245 милиони денари или 24,8% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 19,1% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 24,5% (3.592 милиона денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 10.458 милиони денари или 23,2% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (58,3%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 6.100 милиони денари или 24,9% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,8%, за што беа потрошени 2.491 милион денари, односно 25,2% од вкупно предвидените.

Во К-3-2025 година, **Владата на Република Северна Македонија** реализира вкупно 577 милиони денари, односно 12,8% од планираните средства за 2025 година. Притоа, ставката субвенции и трансфери учествува со 42,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се 247 милиони денари (9,9% од предвидените средства).

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 4.075 милиони денари, што претставува 24,6% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,3%, за што се потрошени 2.744 милиони денари или 25,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со учество од 19,8% и за таа намена беа реализирани 806 милиони денари или 29,4% од годишниот план.

Графикон 3.4. Структура на расходи по буџетски корисници во К-3-2025 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

Во К-3-2025 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 737 милиони денари што претставува 9,2% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, ставка којашто учествува со 77,7% во вкупните расходи, изнесува 7,9% од планираните средства за цела година, односно 572 милиона денари.

Во периодот К-3-2025 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 2.456 милиони денари или 28,9% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 66,9%, за што се потрошени 1.644 милиони денари или 40,3% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со реализација од 742 милиона денари (20,3% од планираното за годината) и учество од 30,2% во вкупните расходи.

Во овој период **Министерството за одбрана** реализира 2.972 милиона денари, што е 14,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 52,4%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.558 милиони денари (24,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 26,6% во вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 789 милиони денари, односно 19,7% од вкупно предвидените.

Во К-3-2025 година, **Министерството за транспорт** реализира средства во износ од 3.758 милиони денари, што е 22,3% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 91,9% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (3.454 милиони денари или 22,3% од вкупно планираните средства).

Во анализираниот период, **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** реализира средства во износ од 490 милиони денари, што претставува 25,0% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (203 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи

на овој буџетски корисник со учество од 41,5%, а притоа беа реализирани 23,5% од предвидените средства. По основ на капитални расходи отпаѓаат 28,0% од вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 137 милиони денари или 24,3% од вкупниот буџет за оваа намена.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.157 милиони денари, што е 22,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 25,2% од предвиденото за цела година (886 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

### 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во третиот квартал од 2025 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 2.887 милиони денари или 1,1% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 3.904 милиони денари, односно 1,4% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-3-2025 изнесува 50,3% од БДП и не бележи промена на своето учество во БДП во однос на К-2-2025. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-2-2025 е намалено за 0,9 п.п. и изнесува 51,8%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 48,2% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.5. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-3-2025, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 4,4%. Инфлацијата регистрираше забрзување од 0,9 п.п. во споредба со претходниот квартал (3,5% во К-2-2025).

Во третиот квартал од 2025 година, потрошувачките цени се забрзаа како резултат на растот на прехранбената и базичната компонента. Во овој период растот на цените е поизразен, додека базичната компонента регистрира поумерен раст.

Базичната инфлација регистрираше умерено забрзување, односно се зголеми за 0,3 п.п. во споредба со К-2-2025 и изнесува 5,2% (4,9% во К-2-2025). Базичната инфлација во третиот квартал е под влијание на цените на воздушниот сообраќај, кафето и тутунот.

Цените енергијата и на нафтените деривати се движат по надолен тренд.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по категории, во К-3-2025 растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забрза и изнесува 5,8% (4,2% во претходниот квартал). Цените на храната е резултат на нагорно придвижување на сите поткатегории, со поизразен раст на цените на овошјето и месото. Во вториот квартал заврши и мерката за ограничување на маржите на основните прехранбени производи, што имаше влијание врз растот на цените на храната во третиот квартал.

Раст на потрошувачките цени во К-3-2025 се забележува и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици[1] за 6,9%, Рекреација и култура за 6,5%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина за 5,1%, Транспорт за 4,6%, Ресторани и хотели за 3,6%, Здравствена заштита за 3,8%, Разновидни стоки и услуги за 3,5%, Облека и обувки за 3,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 1,6%, Комуникации за 1,1% и Образование за 0,1%.

Во К-3-2025, цените на мало регистрираа забрзување на растот од 4,5%.

Во третиот квартал оваа година, Народната банка ја задржа **основната каматна стапка** на нивото од 5,35%, одржувајќи го внимателниот карактер на монетарната политика и се очекува дека нивото на каматните стапки, заедно со промените кај задолжителната резерва и макропрудентни мерки, ќе придонесат за ценовна стабилност на среден рок.

Во К-3-2025, каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена се задржаа на нивото од 3,95% и 4,0%, соодветно.

**Примарните пари**[2] забележаа пад на квартална основа од 1,2% (во претходниот квартал е забележан раст од 10,2%), како резултат на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 5,6%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 3,7%.

Во третиот квартал годинава споредено со К-3-2024, примарните пари се зголемија за 7,2% (во К-2-2025 е забележан раст од 25,6%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 2,0% и 13,0%, соодветно.

1 Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, при што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година.

2 Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Во К-3-2025, најтесната парична маса М1[3] забележа раст од 2,6% во однос на претходниот квартал. На квартална основа, монетарниот агрегат М2 се зголеми за 2,5%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 2,6%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[4] на банките во К-3-2025 се зголеми за 2,3% на квартална основа, по растот од 2,7% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 1,1%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 2,7%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските и девизните депозити се зголемија за 1,7% и 3,1%.

Степенот на евроизација е зголемен за 0,3 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 39,6%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-3-2025 се зголеми за 0,2 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 24,8% (во К-2-2025 изнесуваше 24,6%). Во анализираниот период, краткорочните депозити се зголемија за 2,2% на квартална основа.

**Кредитната активност** на банките во К-3-2025 се зголеми за 1,9% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 3,6%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 1,4% и на кредитите кон домаќинствата за 2,5%. Од валутен аспект, во К-3-2025 денарските кредити се зголемија за 3,3%, а девизните кредити се намалија за 0,5%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Според рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 2,9% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се намалија за 2,7%.

**Каматната стапка**[5] на денарските кредити во К-3-2025 изнесува 5,29% и таа е намалена за 0,23 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-3-2025 изнесува 4,23% и е намалена за 0,14 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2025 изнесува 2,72% и се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува

[3] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[5] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

1,67% и остана непроменета во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2025 изнесува 4,63%, а на новоодобрените девизни кредити 3,75%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,48% и 1,80%, соодветно.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-3-2025 изнесува 4.754,5 милиони евра и бележи раст од 3,5% во однос на истиот квартал од 2024 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки *(во милиони евра)*




**Извозот на стоки** во К-3-2025 изнесува 1.935,7 милиони евра и во однос на К-3-2024 бележи раст од 0,2%, додека во однос на претходниот квартал регистриран е пад од 8,5%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), зголемување на извозот во К-3-2025 во однос на истиот квартал во 2024 година се забележува кај следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 7,9% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 27,8 милиони евра или 39,3%; електрични машини, апарати и делови за 23,0 милиони евра или 6,3%);
- хемиски производи за 0,2% (неоргански хемиски производи за 28,0 милиони евра или за повеќе од шест пати);
- производи за храна за 5,1% (млечни производи и јајца за 6,4 милиони евра или 69,7%);
- пијалаци и тутун за 4,5% (пијалаци за 2,4 милиони евра или 9,0%) и
- животински и растителни масла за 18,3% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или

фракциони за 0,9 милиони евра или 19,3%).

Намалување на извозот се забележува кај следните сектори:

- минерални горива и мазива за 37,2% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата електрична енергија за 31,7 милиони евра или 43,8%);
- суровини освен гориво за 5,7% (метална руда и отпадоци од метал за 10,7 милиони евра или 15,3%);
- разни готови производи за 2,3% (облека за 10,1 милион евра или 11,3%) и
- производи класирани по материјалот за 4,9% (железо и челик за 8,6 милиони евра или 7,0%; обоени метали за 6,5 милиони евра или 43,6%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2025 раст на извозот е забележан кај следните групи производи:

- транспортна опрема за 29,0 милиони евра или 10,8%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 13,0 милиони евра или 5,2% и
- храна и пијалаци од 10,3 милиони евра или 6,0%.

Намалување на извозот е забележано кај следните групи на производи:

- горива и мазива за 32,4 милиони евра или 37,3%;
- индустриски набавки за 14,2 милиона евра или 1,5% и
- стоки за широка потрошувачка за 2,3 милиони евра или 1,1%.

**Увозот на стоки** во К-3-2025 изнесува 2.818,8 милиони евра и е зголемен за 5,9% во однос на К-3-2024, додека во однос на претходниот квартал бележи пад од 2,9%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-3-2025 во однос на К-3-2024 се забележува кај следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 9,0% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата обоени метали за 71,1 милион евра или 28,1%);
- машини и транспортни уреди за 10,7% (друмски возила за 19,3 милиони евра или 13,1%; машини специјализирани за одредени индустрии за 16,0 милиони евра или 30,5%; индустриски машини и делови за 15,9 милиони евра или 19,2%);
- производи за храна за 7,0% (овошје и зеленчук за 5,9 милиони евра или 18,8%; млечни производи и јајца за 5,4 милиони евра или 19,6%);
- хемиски производи за 4,2% (медицински и фармацевтски производи за 5,1 милион евра или 6,8%; пластични материи во примарни форми за 4,9 милиони евра или 11,5%; хемиски материи и производи за 4,5 милиони евра или 11,3%);
- разни готови производи за 8,0% (професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 4,9 милиони евра или 23,8%);
- животински и растителни масла за 15,6% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,9 милиони евра или 17,3%);
- пијалаци и тутун за 5,7% (тутун и производи од тутун за 2,3 милиони евра или 19,8%) и

- суровини освен гориво за 0,1% (дрво и плута за 1,4 милиони евра или 17,8%).

Негативно придвижување кај увозот се забележува само кај секторот минерални горива и мазива за 12,4% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: нафта и производи од нафта за 19,8 милиони евра или 9,4%; електрична енергија за 11,9 милиони евра или 19,3%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2025 раст на увозот е забележан кај следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 78,9 милиони евра или 6,9%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 45,3 милиони евра или 10,5%;
- транспортна опрема за 32,3 милиони евра или 18,2%;
- храна и пијалаци за 20,3 милиони евра или 6,9% и
- стоките за широка потрошувачка за 15,8 милиони евра или 5,2%.

Намалување на увозот е забележано само кај групата производи горива и мазива за 37,3 милиони евра или 11,7%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2025




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27) во К-3-2025 е намалена за 1,5% во однос на К-3-2024, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 58,1% и е намалено за 3,0 п.п. споредено со третиот квартал од 2024 година. Притоа, во К-3-2025 извозот на стоки учествува со 75,1%, а увозот на стоки со 46,5%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-3-2025 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран суфицит од 60,4 милиони евра, што претставува 1,4% од кварталниот БДП, наспроти суфицитот од 6,3% од БДП забележан во истиот квартал од 2024 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, суфицитот на тековната сметка во К-3-2025 е намален за 192,4 милиони евра, односно 76,1%, што се должи на зголемувањето на дефицитот на сметката на стоки за 28,5% и на сметката на примарен доход за 0,7%, како и на намалувањето на суфицитот на сметката на услуги за 11,6%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 4,8%.

Во К-3-2025 **трговскиот дефицит** на годишно ниво е зголемен за 183,4 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е зголемен за 2,7 п.п. на годишна основа, односно изнесува 18,7%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-3-2025 изнесува 325,5 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2024 година е намален за 42,5 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-3-2025 изнесува 127,5% од кварталниот БДП и во однос на К-3-2024 е намалена за 4,7 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-3-2025 забележа дефицит од 203,9 милиони евра и истиот е зголемен за 1,3 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-3-2025 изнесува 765,2 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 34,9 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на официјалните трансфери за 74,1 милион евра, кои во сметката на секундарниот

доход учествуваат со 10,3%, додека тековните трансфери се намалени за 39,2 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 89,7%.

Суфицитот на **капиталната сметка** во К-3-2025 изнесува 13,4 милиони евра наспроти дефицитот од 0,3 милиони евра остварен во К-3-2024. Подобрувањето на салдото на капиталната сметка главно е резултат на приливот на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-3-2025 се негативни и изнесуваат 21,8 милиони евра и во однос на К-3-2024 се намалени за 304,7 милиони евра. Одливот на СДИ во овој период потекнува од одливот по основ на должнички инструменти и реинвестирање на добивката на компаниите со странски капитал, додека по основ на сопственички капитал е регистриран прилив.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-3-2025 изнесуваат 78,8 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година се намалени за 28,1 милион евра.

**Останатите инвестиции** во К-3-2025 изнесуваат 0,5 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметките на валутите и депозитите, и заемите изнесуваат 131,5 и 8,8 милиони евра, соодветно, додека сметката на трговските кредити и аванси бележи негативно салдо од 137,7 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот на третиот квартал од 2025 година изнесуваат 4,7 милијарди евра и во однос на К-3-2024 се зголемени за 7,2%. Девизните резерви на крајот на К-3-2025 обезбедуваат 4,6-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.